ЗАЕДНО
ПОСИЛНИ

Здружение за здравствени политики и права
„Заедно посилни“ – Скопје

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# 2026–2030

## Визија

Сите луѓе имаат еднаква можност да живеат во добро здравје и благосостојба.

## Мисија

Ги унапредуваме здравјето и благосостојбата на луѓето засегнати од ХИВ и од други здравствени и социјални предизвици преку услуги, развој на јавни политики, заштита на човековите права, едукација, мобилизација и партнерства.

## Вредности

- Почитување на човековите права и достоинството
- Транспарентност и отчетност
- Еднаквост и вклученост
- Партнерство и соработка
- Емпатичност и солидарност
- Иновативност и учење.
- Доверливост

## Стратешки цели

1. Да осигуриме луѓето што живеат со ХИВ во С. Македонија да имаат пристап до современи здравствени услуги, програми за квалитетен живот и ефикасна заштита од дискриминација.
2. Да придонесеме за поголема достапност на услуги и програми за ставање крај на ХИВ и на сексуално преносливите инфекции.
3. Да придонесеме за развојот на современ здравствен систем во Северна Македонија и ефективни јавни политики, засновани врз докази, што ќе одговорат на потребите на пациентите и ќе ги унапредат правата на маргинализираните заедници.

## КОНТЕКСТ

Глобалните цели на ООН за ставање крај на епидемијата на ХИВ до 2030 година нерамномерно се реализираат во одделни региони во светот. Она што загрижува е слабиот напредок во регионот на Источна Европа. Во последните 7 години Северна Македонија бележи незадоволителен напредок во постигнувањето на глобалните цели на ниво на Обединетите нации до 2025 г. Така, на крајот на 2023 година, само 71,4 % од проценетиот број на лица што живеат со ХИВ во земјата биле свесни дека ја имаат инфекцијата, наспроти проценетиот глобален просек од 85 % во истиот момент.

Епидемијата на ХИВ во Македонија е сконцентрирана меѓу геј и бисексуални мажи и други мажи што имаат секс со мажи, а во тој контекст посебно се засегнати и транс-жените. Секако, спорадични случаи сè уште се дијагностицираат меѓу мажи и жени од општата популација. Во последните 10 години (2016-2025) во просек годишно се дијагностицирале 45,6 случаи.

Глобалните трендови на јакнење на крајни конзервативни политики во повеќе средини во последните години, порастот на антидемократските и антиродовите движења, вклучувајќи ја и ограничувачката околина за граѓанските организации, како и големите промени во глобалната политика придонесоа за понеповолни услови за окончување на епидемијата. Сето тоа резултираше и со намалување на донаторската поддршка за финансирање во областа ХИВ и здравството и сродни области, како на пример човековите права, положбата на ЛГБТИ лицата и др. Намалувањето на меѓународната донаторска поддршка во значителна мера ја зголемува потребата и одговорноста за обезбедување на неопходните средства за одговорот кон ХИВ на национално ниво.

Покрај тоа, безбедносните кризи придонесоа за натамошна нестабилност и непредвидливост во третманот на здравствените права, а особено на ранливите категории.  Овие трендови и натаму опстојуваат и претставуваат ризик за глобалниот, како и за националниот одговор кон ХИВ.
Во контекст на националниот одговор кон ХИВ тековните недемократски трендови влијаат значително, што е видливо преку измени на релевантни закони и уназадување на партиципативни процеси за учество на ГОи, популистичка реторика, штетни наративи и стигматизација на ЛГБТИ и други заедници.

Значително е стеснет просторот за дискусија за ХИВ, сексуалното и репродуктивното здравје, што особено има негативно влијание врз превентивните активности. Воопшто, информираната и отворена јавна дискусија и едукација за теми од сексуалноста се ограничени од трендови на наметлива религиозност и површна пристојност. Истовремено, се забележува долготрајно субоптимално финансирање на превенцијата воопшто, а особено значително кратење на буџетот за превенција на ХИВ во последните 4 години.

И покрај тоа, во земјата е постигнат одреден напредок со воведување нови пристапи за превенција и контрола на ХИВ, како што се услугите за самотестирање и за предекспозициска профилакса (ПрЕП), кои треба да се одржат, но и значително да се прошири опфатот на клучните засегнати популации со нив, како и воопшто со мерките за превенција и тестирање.

Во образовните содржини сè уште се присутни неточни или застарени информации за ХИВ, што придонесува за погрешни уверувања, стигма и дискриминација. Поради тоа постои потреба од ревизија на наставните материјали и образовниот курикулум, со вклучување на современи, научно засновани информации за ХИВ и сексуално здравје.

Институциите не се доволно отворени за дијалог за суштествените прашања во националниот одговор кон ХИВ, како и воопшто за здравствените права и политики, што претставува пречка за суштествен дијалог, граѓански придонес во здравствените политики и партиципативност во донесувањето одлуки во здравството.
Предизвиците во областа на националниот одговор кон ХИВ, вклучувајќи ги тука и обезбедувањето на терапија и грижата за пациентите со ХИВ, во голема мера се под влијание на општото лошо менаџирање на здравството, отсуството на визија и стратегија за здравство на сите релевантни политички субјекти и слабите капацитети на Министерството за здравство и другите надлежни институции. Од друга страна, поради таквите општествени текови за ХИВ и сексуалното здравје, односно стеснувањето на финансиската поддршка за таквите иницијативи, се утврди потреба од проширување на областите на дејствување на Здружението и искористување на човечките капацитети во области каде што може Здружението да понуди своја експертиза.

Растечката употреба на дигитални канали, наметнува потреба од систематска дигитализација на услугите и интерните процеси на Здружението, како и воспоставување на сигурна дигитална архива.

Имајќи ги предвид ваквиот контекст, потребите на заедницата и пошироките општествени потреби, како и капацитетите на „Заедно посилни“, овој Стратешки план е насочен и кон проширување на областите на дејствување на Организацијата.

# 1

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:

**Да осигуриме луѓето што живеат со ХИВ во С. Македонија да имаат пристап до современи здравствени услуги, програми за квалитетен живот и ефикасна заштита од дискриминација.**

## ОЧЕКУВАНО ВЛИЈАНИЕ И ИНДИКАТОРИ

| ОЧЕКУВАНО ВЛИЈАНИЕ | ИНДИКАТОР |
|---|---|
| Благосостојбата на сите луѓе што живеат со ХИВ е значително унапредена. | Напредно ниво на усогласеност на грижата за лушето што живеат со ХИВ со стандардите на Европското клиничко здружение за СИДА. |
| Поефикасна правна заштита при случаи на дискриминација поврзана со ХИВ. | Зголемен број стратешки случаи на дискриминација добиле поволна разрешница од релевантните установи за заштита од дискриминација (КСЗД, Народен правобранител, ДСЗИ, МЗ. |

## СТРАТЕШКИ НАСОКИ

| | |
|---|---|
| 1.1 | Да осигураме континуирана и навремена достапност на современа и квалитетна терапија за пациентите со ХИВ преку унапреден процес на обезбедување на лековите. |
| 1.2 | Да обезбедиме континуирана врсничка и психосоцијална поддршка преку директни услуги, нивна дигитализација и воспоставување нови е-услуги за поефикасно одговарање на променливите потреби на лицата што живеат со ХИВ. |
| 1.3 | Да поттикнеме подобра правна заштита од дискриминација поврзана со ХИВ-статусот. |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:

**Да придонесеме за поголема достапност на услуги и програми за ставање крај на ХИВ и на сексуално преносливите инфекции**

## ОЧЕКУВАНО ВЛИЈАНИЕ И ИНДИКАТОРИ

| ОЧЕКУВАНО ВЛИЈАНИЕ | ИНДИКАТОР |
|---|---|
| Зголемен процент на лица со ХИВ што се свесни за својот ХИВ-позитивен статус. | Процент на луѓе што живеат со ХИВ свесни за својот ХИВ-статус |

С

## СТРАТЕШКИ НАСОКИ

**2.1** Да го унапредиме знаењето и свесноста за ХИВ преку градење капацитети, публикации, едукативни материјали и кампањи.

**2.2** Да го унапредиме пристапот до услуги за сексуално здравје, со фокус на ПрЕП и тестирање за ХИВ и СПИ.

PrEP

**2.3** Да осигураме дека националниот одговор кон ХИВ и СПИ се заснова брз докази и ја вреднува и унапредува улогата на граѓанскиот сектор како давател на услуги.

# 3 СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:

**Да придонесеме за развојот на современ здравствен систем во Северна Македонија и ефективни јавни политики, засновани на докази, што ќе одговараат на потребите на пациентите и ќе ги унапредат правата на маргинализираните заеници.**

## ОЧЕКУВАНО ВЛИЈАНИЕ И ИНДИКАТОРИ

| ОЧЕКУВАНО ВЛИЈАНИЕ | ИНДИКАТОР |
| --- | --- |
| Северна Македонија активно презема чекори за создавање современ и функционален здравствен систем и спроведува јавни политики базирани на демократски вредности. | Функционален механизам кој овозможува транспарентен дијалог меѓу различни чинители, вклучувајќи го граѓанскиот сектор, насочен кон унапредување на здравствениот систем. |

## СТРАТЕШКИ НАСОКИ

| | |
| --- | --- |
| 3.1 | Да придонесеме за поквалитетна, поефикасна и подостапна здравствена заштита преку учество во креирањето на здравствените политики, а особено оние што се однесуваат на пристапот до лекови и на дигитализацијата. |
| 3.2 | Да поддржиме и да придонесеме во националните процеси насочени кон демократизација на општеството, добро владеење, зајакнувањето на улогата на граѓанските организации и владеењето на правото. |